УДК 93/99 ISSN 0583-4961

ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

# ГЛАСНИК

ГЛАСНИК год. 49 бр. 1-2 стр. 446 Скопје 2005

ГЛАСНИК 49 1 2 2005 113-139 ISSN 0583-4961

УДК 94 (497) „49/48“

# КИКЕРОН, ПОМПЕЈ И МАКЕДОНИЈА

*Војислав Саракински*

Институт за историја, Филозофски факултет – Скопје

*Стефан Пановски*

Институт за класични студии, Филозофски факултет – Скопје

**1.** Во современата научна литература лесно можат да се најдат податоци за престојот на Кикерон во Македонија – но, речиси ниту еден автор не обрнува поголемо внимание на неговиот подоцнежен однос кон оваа провинција.[1] Т. Сарикакис, на пример, забележува дека податоците на Кикерон се можеби значајни, но се мошне ограничени и малубројни,[2] та не даваат речиси никаква подлога за понатамошна анализа. Сепак, за одбележување е една неодамна објавена статија кај нас,[3] во која е направен обид да се препрочитаат изворите и подлабоко да се поврзат Кикерон, провинцијата Македонија и римската политика на Балканот во времето на римските граѓански војни, и тоа главно врз основа на некои подоцнежни јавни настапи на Кикерон како и извадоци од подоцнежни извори. Оваа статија заслужува внимание затоа што на прв поглед ѝ е спротивставена на речиси целата досегашна научна традиција – та оттаму можеби таа ни открива детали кои, дури и до денес, за чудо, останале незабележани од современите истражувачи. Освен тоа, положбата на Македонија и Македонците во римските граѓански војни е проблематика која заслужува дискусија, и покрај недостигот од сведоштва. Затоа, овде, ќе се осврнеме врз еден дел од претпоставките

[1] *Cf.*, како илустрација, општите биографски дела за Кикерон: R. E. SMITH, *Cicero the Statesman*, Cambridge 1966; T. A. DOREY (ed), *Cicero*, London 1965; D. SHACKLETON BAILEY, *Cicero*, New York 1971; W. K. LACEY, *Cicero and the End of the Roman Republic*, New York 1978, како и поновите C. HABICHT, *Cicero the Politician*, Baltimore 1990 и T. MITCHELL, *Cicero: The Senior Statesman*, New Haven 1991.

[2] T. SARIKAKIS, „Cicero as an historical source for Macedonia“, *AM* V.3 (1993), 1395--1400.

[3] М. Б. ПАНОВ, „Македонија во времето на римските граѓански војни (49-42 г. пр. н.е.)“, *ГИНИ* 48, 1-2 (2004), 209-222.

на авторот на споменатата статија и ќе разгледаме дали пишаните извори и општата состојба во тоа време говорат во прилог на неговите толкувања.

Ако добро ја разбираме анализата на М. Б. Панов во врска со случувањата од 49-48 год. од ст.е., неговите заклучоци се темелат врз неколку основни премиси:

*а. престојот на Кикерон во Македонија му дал доволно податоци за да го согледа значењето на оваа провинција и подоцна да се обиде да ја видоизмени римската политика кон неа, што може да се забележи и во неговите подоцнежни политички беседи;*

*б. ваквиот став на Кикерон, како и блискоста меѓу него и Помпеј, го убедиле Помпеј да се повлече на Балканот (наместо во Хиспанија или Африка), и под влијание на Кикерон да ја одбере Тесалоника за седиште на римскиот „Сенат" во егзил;*

*в. овие случувања биле попатна етапа кон остварувањето на крајната цел на Помпеј – основање сопствено „царство" (sic) во Македонија;*

*г. ваквата идеја имала одглас кај Македонците, кои зеле активно учество во војната и станале сериозен воено-политички фактор „на кој римските императори морале да сметаат при водењето на идната политика на Балканскиот Полуостров".*[4]

**2.** Да тргнеме по ред, зашто историските факти во врска со престојот на Марк Тулиј Кикерон во Македонија се добро познати и уточнети.[5] Во мигот кога се раширил гласот дека Кикерон, за да ги избегне притисоците од Кајсар, се повлекол од јавниот живот и си заминал од Рим, народниот трибун Публиј Клодиј успеал да издејствува одлука за прогонство и објавил проглас според кој Кикерон не смеел да добие засолниште во круг од петстотини римски милји од Италија. Поради големата почит кон Кикерон, мнозина не обрнувале внимание на овој проглас и го придружувале беседникот низ јужна Италија; но, работите се заплеткале кога неговиот должник Гај Вибиј му го ускратил гостопримството во Луканија, а пријателот Гај Вергилиј, во тоа време управител на Сицилија, му порачал да се држи настрана од неговиот остров. Омалодушен од сево ова, Кикерон се упатил кон Брундисиј, од каде со поволен ветар го препловил Јонското Море и стасал на Балканскиот Полуостров.

Пречекот бил повеќе од достоинствен. Мнозина – римски службеници, граѓани, романизирани староседелци – го пречекувале со добра волја, а хеленските градови се надвивале едни со други во изразите на благонаклоност, со своите покани и пратеништва. Сепак, најубаво бил пречекан од квесторот Гнај Планкиј,[6] кој го примил Кикерон во својот дом во Тесалони-

[4] Сублимација на тезите на М. Б. ПАНОВ, *op.cit.*, главно на стр. 214 и 222.

[5] За детални податоци за последните денови на Кикерон во Италија, *v.* Plut. *Cic.*, особ. глава 32 sqq.

[6] Овој Гнај Планкиј, кој во 58 год. од ст.е. бил квестор во Македонија и го засолнил Кикерон за време на неговото прогонство, бил избран за курулски едил во 54 год. од ст.е., но пред да стапи на служба бил обвинет за поткуп преку незаконски

ка и половина година му бил добар и услужлив домаќин. Пречекот и престојот на Кикерон во Македонија биле неспоредливо попријатни и поудобни од она што му се случувало во Италија; ако се земе предвид дека Кикерон и уживал во друштвото на Планкиј половина година, би можеле да се надеваме дека бедникот – ако не во јавните беседи, тогаш барем во приватната преписка – ќе послужи како еден од позначајните извори за Македонија под римската власт. Сепак, работите стојат сосем поинаку. Т. Сарикакис правилно забележува дека ако бараме податоци за Македонија во ова време нив тешко ќе ги најдеме кај Кикерон: на пример, иако патувал по Via Egnatia од Дирахиј до Тесалоника, тој не се потрудил да го запише името макар на една станица, конак или град низ кој минувал. Освен имињата на неколку Македонци, што биле блиски со Гнај Планкиј и со него, тој не дава никакви податоци, дури ни попатни забелешки за населението или, на пример, за односот на староседелците кон римската власт.[7]

Се чини дека причините за ова треба да се бараат кај Плутарх, кој забележува дека „...иако многумина го посетувале со добра волја, а хеленските градови постојано му праќале пратеништва – тој ги минувал деновите во потиштеност и чемер, *гледајќи кон Италија како отфрлен љубовник.*“[8] Овој податок овозможува да се претпостави дека Кикерон не размислувал толку за фактот дека е во Македонија, колку што му пречело што не е во Италија. Всушност, доказ за тоа дека Кикерон не мислел да се врзува за Македонија, ниту пак да ѝ посветува поголемо внимание, туку дека останал таму по игра на случајот, може да се најде повторно во беседата во полза на Планкиј: „*откако веќе се подготвив да заминам за Азија и да ги искористам врските на оваа провинција со брат ми и со мене, Планкиј ме задржа со сила и со цврста прегратка, и многу месеци потоа не се оддели од мене, заборавајќи на квесторската служба и станувајќи ми придружник*“.[9]

**3.** Во врска со првата премиса на авторот веќе укажавме. податокот на Плутарх, личната преписка на Кикерон и неговата активност по враќањето во Рим не оставаат место за претпоставката дека бедникот посериозно размислувал за Македонија и за нејзината положба под римската управа. Во истата насока, Т. Сарикакис заклучува дека интересот на Кикерон бил ограничен само на судбината на одредени Римјани кои, по некоја случајност, биле и управители на Македонија, и дека поради неговата емотивна состојба не фрлал поглед подалеку од службеното престојувалиште на Планкиј.[10] Од друга страна, не може да се одрече дека во подоцнежните беседи Кикерон навистина ја споменува Македонија. Но, со реченици извади-

---

посредници. Во граѓанската војна, Планкиј застанал на страната на Помпеј, а по победата на Кајсар се засолнил на Коркира. *Cf.* Cic. *Ad Fam.* 4.14; 14.1.3.

[7] T. SARIKAKIS, *op.cit.*, 1399.

[8] Plut. *Cic.* 32; подвлечено од авторите.

[9] Cic. *Planc.* 98-99; подвлечено од авторите.

[10] T. SARIKAKIS, *op.cit.*, 1400.

ни од контекст може да се докаже безмалку сè, та затоа вистинското прашање во овој случај е *зошто* и *во кој контекст* Кикерон зборува за Македонија – прашање на кое ќе се задржиме малку поподробно.

Да ја разгледаме првата изјава што ја цитира М. Б. Панов – од беседата за конзуларните провинции – но овој пат во поширок контекст:

> Има четири провинции, сенатори, за кои разбрав дека биле искажани мислења: двете Галии, во мигов обединети под едно заповедништво, и уште Сирија и Македонија – провинции што, во време кога страдавте под притисоци, неволно им ги дадовте на овие погубни конзули како награда за тоа што ја урнаа републиката. Сега, според законот на Семпрониј, две од нив треба да им доделиме на сегашниве конзули. Има ли место за сомнеж дека тоа треба да бидат Сирија и Македонија? Ќе премолчам дека луѓето што сега ги управуваат ги добија така што ве напаѓаа сè дури не го урнаа и го закопаа вашиот углед во државата и дека уништувајќи ја довербата на јавноста и добрата волја кон вас, ја доведоа во опасност безбедноста на римскиот народ, а мене, моите роднини и пријатели ме измачуваа на најсрамен и најбарбарски начин. За нивните приватни зделки во градот не зборувам ништо, иако беа такви што би рекол дека ниту Ханибал не му посакувал толкаво зло на градов, како овие луѓе. Сега доаѓам до провинциите, од кои Македонија – порано утврдена не со бедеми, туку со трофеи на многу наши војсководци, одамна смирена со многу победи и триумфи – сега е толку пустошена од барбарите, поттикнати од алчноста на претходниот конзул, што луѓето од Тесалоника, тукуречи во скутот на нашата држава, мораат да заминат од градот [...] а оној наш воен пат низ Македонија [...] не само што е загрозен од барбарски напади, туку е дури и поделен со тракиски логори. И така, племињата што им платија големи пари на нашите славни војсководци за да го купат мирот [...] против нас водат тукуречи вистинска војна...[11]

Да го разгледаме историскиот контекст. Беседата *De Provinciis Consularibus* била одржана во 56 год. од ст.е., кон средината на конзулатот на Корнелиј Лентул Маркелин и Маркиј Филип. Пред да започне изборот на конзулите за следната година, Сенатот се советувал кои провинции треба да им се доделат на конзулите по истекот на нивната годишна служба. Провинциите за кои, всушност, требало да се расправа биле двете Галии, со кои во тоа време управувал Кајсар, и Македонија и Сирија, кои веќе им биле доделени на Лукиј Калпурниј Писон и на Аул Габиниј, конзули во 58 год. од ст.е. Клучот на целата ситуација е во тоа што сенаторите сакале, на еден или на друг начин, да му земат на Кајсар најмалку една, а по можност и двете Галии; пред да земе збор Кикерон, веќе говореле повеќемина сенатори – и сите, освен Сервилиј, се залагале за ова.

Но, Кикерон имал поинакви замисли. Прво, тој се залагал на Кајсар да му биде продолжено заповедништвото над двете Галии сè дури не заврши

[11] Cic. *De prov. cons.* II [3-4].

војната што успешно ја водел.[12] Второ, и можеби поважно, Кикерон во 58 год. од ст.е. бил посрамен од Писон и Габиниј,[13] па тука видел можност не само да ги отповика туку, поради лошо и незаконито управување со провинциите, и да им ја одземе граѓанската чест.[14] Станувало збор за обид за совршена политичка одмазда на римскиот „татко на татковината",[15] па сепак, она за што се залагал било сосем спротивно на волјата на сенатот и дури спротивно на волјата на конзулите во тековната година. Маркиј Филип, на пример, му напоменал на Кикерон дека не ги разбира неговите усрдни обиди против Габиниј и Писон, зашто вистинскиот инспиратор за сите негови неволи бил токму Кајсар,[16] од кого видел повеќе зло одошто кога и да е од

---

[12] Cic. *De prov. cons.* 25-29, 32-33. Во периодот од враќањето од прогонство до процесот против Писон, Кикерон се приближил до триумвирите, честопати беседел во нивна полза и ги бранел нивните мерки во сенатот. Односите меѓу Кајсар и Кикерон особено се поправиле кога Кајсар, откако Кикерон се вратил од прогонство, му позајмил голема сума пари без да му наплати камата.

[13] Конзулите во 58 год. од ст.е. воопшто не се обиделе да го заштитат Кикерон од прогонство. Конзулот Габиниј бил на страната на трибунот Клодиј и покажувал отворено непријателство кон беседникот, а Писон само го советувал да замине од Рим додека приликите не се смират; *cf.* Plut. *Cic.* 32. Кикерон тврди дека конзулите биле поткупени од Клодиј; навистина, на предлог на Клодиј, Габиниј ја добил на управување Сирија, иако сенатот му ја доделил Киликија, а Писон ја добил Македонија; *cf.* Cic. *Pro Sest.* 33; *De domo* 23, 55. Кикерон жестоко ги критикува методите на Клодиј – а особено неговата одлука за смена во управите на провинциите – во *In Vatin.* 36.

[14] Римските граѓани можеле да биде лишени од граѓанска чест – во најблаг случај, одземање на *ius honorum* – во повеќе случаи: ако биле *personae intestabiles* (*cf. Lex XII tab.* 8.22); ако од кензорот биле критикувани со *nota censoria*, која се запишувала во кензорските книги; ако биле *infames*, и најпосле ако биле оценети како *turpes personae* поради *infamia facti*, неславни и/или срамни дејанија. Кикерон веројатно целел на последново. *Cf.* I. PUHAN, *Rimsko pravo*, 1970, 136-7.

[15] „Татко" или „Родител на татковината" (*pater / parens patriae*) била римска почесна титула, што Сенатот им ја доделувал на луѓе со посебни заслуги за зачувување и спас на татковината. Марк Тулиј Кикерон бил првиот Римјанин што ја добил оваа титула, поради неговата улога во разоткривањето на заговорот на Катилина во 63 год. од ст.е. Оваа титула ја добиле и Јулиј Кајсар и Октавијан Август, како и повеќемина римски императори од подоцнежно време.

[16] Всушност, најголема вина за прогонството на Кикерон има Клодиј Пулхер, кој се свртел против Кикерон откако малку недостасувало да биде осуден за еден престап врз основа на неговото сведочење. Кога во 58 год. од ст.е. бил избран за народен трибун, Клодиј поднел законски предлог за прогонство на сите оние што убиле римски граѓанин без судење; овој закон бил вперен против Кикерон, кој во 64 год. од ст.е. го одобрил погубувањето на приврзаниците на Катилина. Кајсар, кој сакал да се зближи со Кикерон, му понудил да го засолни како легат во Галија, но овој погрешно ја проценил состојбата, решил да остане во Рим и со тоа останал без поддршката на Кајсар. Тој, пак, наводно навреден, уште повеќе го подбуцнувал Клодиј против Кикерон; беседникот, лишен од секаква заштита (*v.* и погоре, бел. 12), бил осуден на прогонство. *Cf.* Plut. *Cic.* 29-31.

Габиниј. Кикерон, пак, во совршен кикероновски манир, му вратил дека не цели да ја задоволи личната огорченост, туку да ги промовира вистинските интереси на републиката: Кајсар набргу би ја покорил цела Галија, а Писон и Габиниј ги исцрпувале провинциите и ги отуѓувале староседелците.

Исходот од сево ова е добро познат: Кикерон целосно го привлекол Сенатот на своја страна, заповедништвото на Кајсар му било продолжено, Писон и Габиниј биле отповикани од нивните провинции, а Македонија и Сирија им биле дадени на новите конзули. Но, оттука станува јасна уште една работа – предмет на беседата не е Македонија *per se*, ниту пак Кикерон беседи зашто е загрижен за состојбата во Македонија. Напротив, тој се грижи за сосем други нешта – сопствената политичка положба, односот со Кајсар, одмаздата кон Писон и Габиниј и, во крајна линија, (веројатно) состојбата во римската република. Провинцијата Македонија, во овој случај, е класичен кикероновски беседнички декор, начин да се спореди „добриот“ Кајсар со „лошите“ Писон и Габиниј.[17]

Да го разгледаме сега и вториот извадок од Кикерон што го користи М. Б. Панов, овој пат од беседата во корист на Фонтеј:

> Галиве го напаѓаат Фонтеј со непријателски знамиња, го притискаат и гонат со невидена упорност, со невидена дрзост. Јас тоа, судии, јасно го гледам; но ние, со ваша помош и со бројна и цврста одбрана, ќе опстоиме пред тоа диво и неподносливо барбарство. Против нивните напади, најпрвин ќе се послужам со Македонија, провинција верна и пријателски расположена кон римскиот народ. Што вели Македонија? Вели дека и таа и нејзините градови беа сочувани не само од советите туку и од раката на Фонтеј! И, ете, како што Фонтеј ја одбранил неа од нападите и пустошењата на Тракијците, така сега таа [...] го брани Фонтеј од галските напади и опасности.[18]

Овој Марк Фонтеј бил легат на Апиј Клавдиј, кој во 77/6 год. од ст.е. учествувал во одбраната на провинцијата Македонија од пљачкашките упади на тракиските племиња.[19] Непосредно по ова, најверојатно од 75 год. од ст.е., бил назначен за претор во Нарбонска Галија; освен другите задолженија, Фонтеј имал задача да се грижи за снабдувањето на легиите на Помпеј кои, пак, зимувале во Галија пред да се судрат со одредите на Серториј[20] во

---

[17] Повеќе кај R. A. KASTER, „Self-Aggrandizement and Praise of Others in Cicero“, *Princeton/Stanford Working Papers in Classics*, *v.*1.0, December 2005.

[18] Cic. Pro Font. XX Ш44].

[19] *Cf.* Liv. *Perioch.* XCI; Flor. *Epit. de Tito Livio* 1.39.6; Iul. Obseq. *De prodig.* 59; Fest. *Brev.* 9; Eutrop. 6.2.1; Amm. Marc. 37.4.10; Oros. 5.23.17-19.

[20] Квинт Серториј (?-72 год. од ст.е.) бил римски војсководец и државник. Во 102 год. од ст.е. бил легат на Гај Мариј во битката против Тевтонците кај Аква Секстија, потоа служел во Хиспанија и, најпосле, во Кисалпинска Галија. Како поддржувач на Гај Мариј, Серториј се нашол во судир со Корнелиј Сула и во 83 год. од ст.е. заминал за Хиспанија. Многупати ги победувал војските на Сула и *de facto* бил владетел на Хиспанија; најпосле, во 76 год. од ст.е., бил поразен од здружените вој-

Хиспанија.[21] Проблемот е во тоа што, за да ја изврши добро задачата, Фонтеј морал да изнудува храна и свесно да го доведе крајбрежјето безмалку до питачки стап. Сосем очекувано, тој за ова бил обвинет, а Кикерон го брани со оваа беседа, одржана во 69 год. од ст.е.

Марк Фонтеј бил човек во невола. Тој бил обвинет според *Lex Cornelia de Repetundis*, закон донесен во времето на диктатурата на Сула, со кој првичното значење на поимот *repetundae* било проширено за да ги опфати сите незаконски дејствија во провинциите, а не само изнудувањето пари. Освен провинциските управители, законот сега ги обврзувал буквално сите: проконзулите што не положиле сметка во државната благајна, судиите што примиле поткуп, дури и луѓето што по заповед само ги пренеле парите.[22] За споредба, против Фонтеј биле поднесени три обвиненија – за измама и лажно кредитирање, за бесправно зголемување на царините и даноците и за проневера на јавните фондови. Предвидените казни се движеле од *litis aestimatio*, особено тешка парична казна, до најверојатната *aquae et ignis interdictio*, срамно прогонство од Италија – и тоа за секое обвинение поодделно.

Како било можно да се одбрани Марк Фонтеј?[23] Кикерон морал да повика сведоци, кои би зборувале за благородната нарав и чесната служба на обвинетиот, и тоа буквално од секаде – од Хиспанија, од Нарбонска Галија, од градот Масилија, од логорот на Помпеј, од земјоделците и трговците што ги штител и на кои им помагал за време на неговата управа, та најпосле, и од Македонија. Во полза на обвинетиот главно зборувале римските граѓани од Масилија и, пошироко, од Нарбонска Галија; Римјаните од Македонија не зборувале многу, па Кикерон морал да ја пополни празнината. Тоа го направил маестрално, припишувајќи му ја одбраната на провинцијата Македонија на само еден легат на Апиј Клавдиј – кој, инаку, бил само еден од многуте римски војсководци што војувале против барбарите во текот на овие операции. Заслугите на Марк Дидиј, на Марк Друс, на Минукиј, на Марк Лукул, на Скрибониј Курион, дури и на Апиј Клавдиј, во беседата на Кикерон бледнееле пред заслугите на храбриот и чесен легат Марк Фонтеј.

На Кикерон честопати му се префрла дека претерувал и ги извртувал фактите во своја полза, или во полза на луѓето што ги бранел. Би се рекло дека беседата за Фонтеј е убав пример дека ваквите обвинувања се точни. Можеме слободно да кажеме дека оваа беседа – без оглед на тоа што во неа

ски на Кајкилиј Метел и Гнај Помпеј, а во 72 год. од ст.е. бил предаден од неговиот соработник Перперна Вентон и бил убиен на една гозба.

21 Cic. *Pro Font.* 16.

22 По овој закон биле судени, на пример, Лукиј Долабела, Гнај Писон, Гај Вер, Гај Макер, Марк Фонтеј и Лукиј Флак; Гај Вер бил обвинет, а последниве двајца бранети од Кикерон.

23 Најдетален опис на текот на судењето кај W. SMITH, D.C.L., LL.D., *A Dictionary of Greek and Roman Antiquities*, London 1875, s.v. *Fonteius*; слично и во *PWRE*, s.v.

е кажано за Македонија – е несреќно одбран пример од М. Б. Панов,[24] зашто со него не може да се докаже речиси ништо, а најмалку ставот на Кикерон за Македонија или значењето што тој, наводно, ѝ го припишувал.

Полека стасуваме до втората премиса. Ја оставаме настрана римската политика на теренот; доволно е да се каже дека извадоците од беседите на Кикерон не даваат никаква подлога да се зборува за некакво редефинирање ниту на неговиот став, ниту пак на римската политика кон Македонија. Ако тоа е така, во продолжение треба да се одговори на неколку прашања. Ако Помпеј не ја одбрал Македонија за прибежиште под влијание на пријателот Марк Тулиј Кикерон, тогаш зошто воопшто ја одбрал неа, наместо Африка или Хиспанија? И, уште поважно, дали Кикерон воопшто имал увид во состојбата, и дали му се приклучил на Помпеј во Македонија поради Македонија *per se*, или поради нешто сосем друго?

4. Кон крајот на 50 год. од ст.е., републиката располагала со приближно 23 легии во активна служба.[25] Од нив, 14 биле под непосредно или посредно заповедништво на Помпеј, т.е. на Сенаторската партија: шест легии, под формално заповедништво на Помпеј, биле разместени во Хиспанија;[26] две, под заповедништво на Сестиј, во Киликија;[27] четири, под Скипион, во Сирија;[28] и, најпосле, две во Италија.[29] Од друга страна, Кајсар располагал со девет легии во Галија.[30]

Дека судирот меѓу Кајсар и Помпеј е неизбежен, станало јасно во почетокот на 49 год. од ст.е., кога Сенатот практично го ставил Кајсар вон законот.[31] На 11 јануари 49 год. од ст.е. Кајсар ја минал реката Рубикон, грани-

---

[24] М. Б. ПАНОВ, *op.cit.*, 209.

[25] Податоци за разместеноста на легиите кај Кајсар (*Bell.Civ* 1.38; 3.4; *Bell.Gal.* 8.46, 54) и Кикерон (*Ad Fam.* 15.4.3.

[26] Помпеј бил нивен титуларен заповедник, но во негово отсуство со легиите заповедале тројца легати.

[27] Но, Кикерон (*Ad Fam.* 15.4.3) споменува дека овие легии биле толку слабо пополнети и опремени, што одговарале на една нормално опремена римска легија.

[28] Две од овие легии биле несомнено пополнети од остатоците на шесте легии што Крас ги загубил по поразот во 54 год. од ст.е. За другите две легии немаме податоци.

[29] Станува збор за старата I легија на Помпеј од времето на неговиот конзулат во 52 год. од ст.е., која му била позајмена на Кајсар за Галската војна во 52-51 год. од ст.е.; другата легија, пак, е старата XV легија на Кајсар, регрутирана во 53 год. од ст.е. Кон почетокот на 50 год. од ст.е., сенатот со декрет го принудил Кајсар да му ги отстапи двете легии на Помпеј за неговиот иден поход против Партите. *Cf.* Caesar *Bell.Gal.* 8.54 и *Bell.Civ,* 1.9.

[30] Заедно со легиите распоредени во Кисалпинска Галија, но без 22-те, неодамна регрутирани кохорти, кои сè уште не биле распоредени во легии; некои од нив подоцна ќе станат дел од прочуената „Алауда“.

[31] *Cf.* Suet. *Div. Iul.* 29-32; поради временската дистанца и идејната замисла на неговото дело, Светониј нема причина да зазема страни па, за разлика од многу други

цата на неговите провинциски овластувања во североисточна Италија. Потегот на Кајсар го исправил Помпеј пред сериозен избор: тој можел да остане во Италија и да прифати борба, или да замине и да го одложи судирот додека не се подготви посериозно за неа.

Јасно е дека првата можност не му погодувала многу на Помпеј. Останувањето во Италија значело и мошне близок и скорешен судир со Кајсар. Дури и да бил еднакво способен војсководец како Кајсар – во што не сме сосем убедени[32] – Помпеј одамна не заповедал со боен ред. Освен тоа, под непосредно заповедништво во Италија имал само две искусни легии, во кои немал целосна доверба, зашто до неодамна биле под заповедништво на Кајсар.[33] Од друга страна, Кајсар се движел кон југ со најмалку три, а најверојатно со шест легии од ветерани, засилени со уште две легии од нови регрути. Состојбата станала уште понеповолна кога Кајсар, пробивајќи се низ северна Италија, присвоил и четири од споменатите седум легии што Помпеј ги собирал за себе.[34]

Накусо кажано, односот во силите на Помпеј и на Кајсар бил речиси 2:1 во полза на Кајсар – состојба што не оставала многу место за маневар. Дури и ако Кајсар и Помпеј имале сили еднакви во подготвеност, вештина, искуство и снабдување, најмногу што можел Помпеј да очекува било - нерешен резултат; сепак, многу е поверојатно дека му претстоел катастрофален пораз.[35] Следствено на ова, повлекувањето од Италија бил единствениот из-

---

места кај него, тука неговите податоци можат да се прифатат како објективни. Достапен превод на македонски јазик: Гај Светониј Транквил, *Дванаесетте римски цареви*, прев. В. Димовска-Јањатова и В. Саракински, Култура, Скопје, 2001. *V*., исто така, и App. *Bell. Civ.* 2.4.30-33; Plut. *Caes.* 30-31; Caes. *Bell. Civ.* 1.1-6; Dion. Cass. *Hist. Rom.* 41.1-3.

[32] Повнимателната анализа на војничката кариера на Помпеј „Велики“ покажува дека тој, всушност, ретко кога се истакнал како војсководец. Неговиот „успех“ против Серториј, пред сè, се должи на неслогата во логорот на неговиот противник; Помпеј успеал да ги совлада противниците дури откако Серториј паднал како жртва на заговор. Неговите победи, пак, на Истокот – без оглед на тоа колку импресивно делуваат – се во основа исход од војувањето на неговиот претходник, Лукул, кој повеќепати ги поразил војските на Митридат. Практично, единствен самостоен успех на Помпеј е чистењето на Средоземјето од гусарите, потфат во кој Помпеј поскоро се покажал како добар организатор а не како војсководец.

[33] Токму затоа се обидувал да собере седум нови легии со кои би му застанал на пат на навлегувањето на Кајсар; *v.* Caesar *Bell.Gal.* 8.54; *Bell.Civ.* 1.9, како и App. *Bell.Civ.* 2.8.49.

[34] *Cf.* Caesar *Bell.Gal.* 1.25; Plut. *Caes.* 35.1; Plut. *Pomp.* 40.4; Velleius, 2.40.1.

[35] Детаљна анализа на претпоставените исходи кај A. A. NOFI, ‚Pompey the Great and the Campaign of 49 B.C.“ *The Strategy Page*, Strategy World, Inc., http://www.strategypage.com/articles/default.asp, 28.12.2005. Нофи се служи со прочуениот метод на квантификациска прогноза развиен во шеесеттите години на минатиот век од T. N. DUPUY (*v.* T. N. DUPUY, „The Quantified Judgment Model: A Conceptual Approach“, *The Dupuy Institute* Q-140; „The Quantified Judgment Model: Observations and Descriptions“, *The Dupuy Institute* Q-160).

бор што можел да го направи – иако и таквиот избор, во основа, бил мошне лош, ако се земат предвид подоцнежните активности на Кајсар во Италија, која ја освоил без борба.[36]

5. Помпеј, значи, бил исправен пред тежок избор – но, за тоа малку подоцна. Сега треба да се разгледа улогата што во сета оваа политичка збрка ја имал Марк Тулиј Кикерон. Собитијата се особено интересни, зашто укажуваат дека Кикерон ниту можел, ниту сакал да има увид во она што го мачело Помпеј; всушност, би било погрешно да се каже и дека тој бил посебно близок со него, зашто неговата приватна преписка ни открива нешто сосема друго.

Имено, Кикерон сè уште не донел одлука на која страна ќе застане ниту, пак, воопшто бил сигурен дека сака да одбира страна.[37] Еден ден по почетокот на граѓанската војна тој му напишал на Тирон:

> Го затекнав градот воспален од граѓанска неслога, или, да речам граѓанска војна? Веднаш штом се обидов да ги залечам раните – а бев убеден дека можам – се судрив со амбицијата на одредени граѓани. Да, на обете страни има луѓе кои, всушност, навистина сакаат да се борат!...[38]

Во седмиците што уследиле, Кикерон неуморно се обидувал да игра улога на преговарач меѓу двете завојувани страни. „Од мигот кога стасав во Рим“, повторно му напишал на Тирон, „не престанав со обидите повторно да воспоставам слога со мисла, збор и дело“.[39] Во суштина, Кикерон бил

---

[36] На пример, во текот на првата година од граѓанската војна, Кајсар успеал да собере 14 легии во Италија, вклучувајќи ги и оние четири што ги запленил од Помпеј. Од крајот на 49-тата до неговата смрт во 44 год. од ст.е., Кајсар ќе успее да регрутира вкупно 20 легии. Значи, Кајсар успеал само од територијата на Италија да стави под оружје најмалку 155 000 луѓе, или повеќе од 13% од вкупното воено способно население. *Cf.* A. NOFI, op. cit.. За населението, *v.* Tit. Liv. XLVIII и XCVII, со податоци за пописот од 70-69 год. од ст.е., како и издржаните забелешки на P. A. BRUNT, *Italian Manpower 225 B.C.-A.D. 14*, Oxford 1971, *passim*, особено стр. 511. Треба да се има на ум и тоа дека воената сила што ја собрал Кајсар во Италија била за една петина поголема од бројката што имал право да ја собере Помпеј врз основа на сенатските овластувања од почетокот на граѓанската војна, што е забележано од Апијан (*Bell.Civ.* 2.34). Според BRUNT, *op. cit.*, вкупниот број граѓани на Италија под оружје веројатно се зголемил на 175 000 луѓе, а вкупниот број на граѓани на Италија што имале каков и да е активен удел во војната (помошни одреди, морнари, службеници, интендантура, резерва и сл.) можеби стасал до 275 000 луѓе, или 24,4% од вкупното машко население. Од ова произлегува дека Помпеј, со решението да замине од Италија, всушност, му дал на Кајсар непресушен извор на воена сила, неспоредливо поголем од она што можеле да го дадат било источните било западните провинции во целост, а да не зборуваме за поединечни провинции.

[37] Детално кај F. F. ABBOTT, *Cicero: Selected Letters*, Boston 1909, „Caesar or Pompey?“ (49-48 B.C., epist. 42-53).

[38] Cic. *Ad.fam.* 16.11.2.

[39] Idem., *Ad.fam.* 16.12.2.

стаписан од фактот што римските *boni* – имотни, доблесни и принципиелни луѓе – воопшто прифатиле да се вмешаат во кошкањето на римските *improbi*, злодејците што ја уривале државата. За негова несреќа, Сенатот ниту имал време да размислува за ова, ниту пак бил подготвен за војна, та мнозинството сенатори, заедно со конзулите Клавдиј Маркел и Корнелиј Лентул, во паника заминале од Рим.[40] Истото го сторил и Помпеј, кој со малубројната војска со која располагал се повлекол во Калабрија. Вистина е дека и двете страни за сето време се труделе да го привлечат Кикерон: Помпеј го назначил за воен заповедник на брегот на Кампанија – должност што Кикерон ја прифатил – а многумина, пак, од страната на Кајсар го убедувале да расчисти со Помпеј и да им се придружи. Сепак, Кикерон тврди дека останал цврсто неутрален, за што сведочи неговото писмо до Атик, во кое вели дека одржува постојана врска и со Помпеј и со Кајсар, и дека постојано ги поттикнува да се вразумат, да се договорат и повторно да воспостават concordia.[41]

Кусата преписка меѓу Помпеј и Кикерон не е толку срдечна, колку што би се очекувало. Со две куси белешки, датирани во февруари 49 год. од ст.е., Помпеј побарал од Кикерон да му се придружи најпрвин во Лукерија, а потоа и во Брундисиј;[42] Кикерон одговорил дека Помпеј, како и секогаш, може да смета на неговото пријателство, но дека е спречен да му се придружи... поради една мошне интересна причина: „*Мене воопшто не ми падна на ум дека ти, во интерес на државата, би одел преку море. Та јас се надевав дека ќе успееме да ја воскреснеме слогата [...] или барем дека ќе ја браниме државата тука, во Италија!*“ [43]

Аргумент против наводната блискост на Помпеј и Кикерон се и неколкуте писма до Атик, во кои Кикерон јасно го изразува својот став во врска со подготовките на Помпеј:

> Сета оваа флота се собира од Александрија, од Колхида, од Тир, Сидон и Арад, од Кипар, Памфилија, Ликија и Родос, од Хиос, Бизантиј, Лезбос, Милет и Кос... Зошто? За да се заземат житородните провинции и да се пресече снабдувањето на Италија.[44] [...] Јас, пак, сум човекот што го нарекоа „родител и спасител на Градот“. Јас ли треба да поведам Гети и Арменци против него? Јас ли треба да ги прегладнам моите сограѓани и да ја упропастам Италија?[45]

---

[40] Idem., *ibidem*.

[41] Idem., *Ad Att.* 8.2.1. Детална анализа за ова кај M. TEMELINI, „In Search of Harmony in 49 BC Rome“, *Anistoriton* vol. 9, December 2005, Section E054.

[42] Idem., *Ad Att.* 8.11.1; 8.11.3.

[43] *Cf.* Cic. *Ad Att.* 8.11.2; 8.11.4.

[44] Cic. *Ad Att.* 9.9.2.

[45] Idem., *Ad Att.* 9.10.3.

Кикерон, навистина, никогаш не би сторил такво недело, најмалку за сметка на Помпеј, човекот што, барем според него, *sullaturit* – си замислил дека е, ни помалку ни повеќе, Лукиј Корнелиј Сула.[46]

Помпеј, значи, имал и верни пријатели, и соборци, и советници во Италија – но Кикерон, очигледно, не бил еден од нив. Тој не решил да се повлече во Македонија ниту поради некаков совет на Кикерон ниту, пак, поради она што го чул за неа во неговите политички беседи. Како што покажуваат податоците во изворите, при изборот на Помпеј не претежнувале ниту наводната верност на Македонците кон Рим ниту, пак, дотогашно значење на оваа провинција. Зошто, тогаш, Помпеј се упатил во Македонија? Прашањето за неговиот избор е мошне интересно – во рамките на римската, но уште повеќе во рамките на историјата на античка Македонија – та затоа заслужува да му се посвети поголемо внимание.

**6.** Само неколку месеци по избувнувањето на граѓанската војна, Помпеј веќе имал близу 600 бродови, од кои најмалку 300 триреми;[47] од друга страна, Кајсар успеал да собере одвај 150 различни пловила.[48] Помпеј имал начин да замине од Италија, но требало да одбере каде ќе оди. Тој имал три можности – Африка, Хиспанија и Македонија/Ахаја. Најпрвин, да ја разгледаме поодблизу секоја од можностите, и тоа од гледна точка на стратегиската поставеност, човечките и финансиските ресурси.

Провинцијата *Африка* се наоѓала на само неколку дена пловидба од Италија. Нејзината средишна положба во Средоземјето, во содејство со поморската надмоќ на Помпеј, давала многу стратегиски поволности. Прво, од Африка, Помпеј би претставувал постојана закана за Италија и би ја ограничил слободата на движење и дејствување на Кајсар; второ, ако се има предвид поморската надмоќ на Помпеј, Африка би била одлична база за разместување војска во кој и да е правец, како одговор на каков и да е потег на Кајсар. Од воена гледна точка, во провинцијата имало достаточен број Римјани или романизирани староседелци: за две години, во неа се собрале меѓу осум и десет легии од приврзаници на Помпеј, иако не во полна сила.[49] Тука бил и Јуба, кралот на Нумидија кој, навистина, не заслужувал потполна доверба, но располагал со војска устроена на римски начин – четири целосно пополнети легии, голем број лесно вооружени одреди, бројна коњица и одред од слонови.[50] Најпосле, Африка погодувала и од гледна точка на

---

[46] Кикерон многупати приспомнува дека Помпеј е склон кон размисли за апсолутна власт, дури и за тиранија; ова е најочигледно во *Ad Att.* 9.10.6, но го повторува уште неколку пати – *v.*, на пример, *Ad Att.* 9.10.2, 9.11.3 и 9.14.1.

[47] *Cf.* App. *Bell.Civ.* 2.49, 2.87; Caes. *Bell.Civ.* 3.3, 3.5, 3.27; Cic. *ad Att.* 9.9.2; Плутарх (*Pomp.* 44.2), пак, споменува 500 воени пловила.

[48] *Cf.* Plut. *Caes.* 35.3; App. *Bell.Civ.* 2.41, 2.49; Caes. *Bell.Civ.* 1.36.5.

[49] За состојбата во Африка, *v.* App. *Bell.Civ.* 2.14.96; Caes. *Bell. Afr.* 1; Caes. *Bell. Alex.* 34.5; Caes. *Bell.Civ.* 2.23.

[50] Caes. *Bell. Alex.* 34. 5.

финансиите: од Африка, во државната каса годишно се слевале околу 30 милиони сестерции, 8,6% од вкупниот приход – придонес еднаков со оној на Италија.[51]

И повлекувањето во Хиспанија давало многу поволности. Од Хиспанија, Помпеј би можел сериозно да ги загрози териториите освоени неодамна од Кајсар во Галија; згора на тоа, имал приврзани сојузници во романизираната јужна Галија каде, на пример, граѓаните на Масилија се определиле за него, дури и по цена да бидат опсадени од Кајсар.[52] Со помош на неговите истомисленици, Помпеј би можел да навлезе дури и во северна Италија. Навистина, од Хиспанија не би можел бргу да интервенира ако Кајсар ги нападне Македонија, Ахаја, или пак Африка, но би имал одлична можност да ја загрозува Италија со поморски напади. Освен тоа, Помпеј технички сè уште бил проконзуларен управител на хиспанските провинции; ако се земе предвид дека таму минал неколку години во војување, би можел да очекува поддршка како од римските граѓани така и од староседелците.[53] Од воена гледна точка, во Хиспанија биле разместени шест легии од ветерани и голем број помошни одреди, сите под заповедништво на луѓе лојални на Помпеј.[54] Во Хиспанија имало доволно римски граѓани и романизирани староседелци, та за неколку години би можело да се соберат уште дванаесетина легии.[55] Најпосле, финансиските можности на Хиспанија биле повеќе од поволни. Двете провинции биле оданочени со 28 милиони сестерции годишно, околу 8% од вкупниот годишен прилив во државната каса, но биле толку богати што лесно можеле да дадат и повеќе.[56]

Да ја разгледаме сега опцијата што ја одбрал Помпеј – кон исток, во Македонија и Ахаја. Италија се наоѓала на само еден ден пловидба, па оттука Помпеј би можел најнепосредно да ја загрози базата на Кајсар; затоа, пак, би бил мошне лошо поставен за можна интервенција на запад. Ако Кајсар удрел на Хиспанија или Африка, Помпеј би можел да одговори само со напад врз Италија. Од воена гледна точка, тој можел моментно да смета на само две искусни, но непотполни легии во Сирија; но, главниот проблем, за кој можеби сè уште не бил свесен, бил врзан за претпоставената дополнителна регрутација. Имено, со собирање на сите сили што му биле на располагање, регрутирање на безмалку целото римско граѓанство и романизираните военоспособни староседелци, со повторно повикување на сите ветерани и со прием на воено неквалификувани воени службеници и интендан-

---

[51] Plut. *Pomp.* 45.

[52] Caes. *Bell.Civ.* 1.34-36, 2,1-22; Flor. 2.13.23; Vell. 2.40.3. Масилија била под патронат на семејството Домитии Ахенобарби, силни поддржувачи на Помпеј.

[53] Plut. *Pomp.* 48-51, *Sert.* 43 sqq.; Caes. *Bell.Civ.* 29.

[54] Caes. *Bell. Civ.* 1.38; имало и уште една легија, составена од нероманизирани староседелци.

[55] Idem., *Bell. Hisp.* 7; Cic. *ad Att.* 5.18.2. Подоцна била регрутирана дури и уште една легија од нероманизирани староседелци.

[56] Plut. *Pomp.* 45.

ти, до 48 год. од ст.е. тој успеал да ги дополни легиите што веќе ги имал, да собере само уште две сосема нови легии и да врзе позначителен број коњаници и лесно вооружена пешадија – за да стаса до бројка од одвај единаесет легии.[57]

Од стратегиска, воена и финансиска гледна точка, секое од трите решенија што му биле на располагање имале предности и недостатоци; на прв поглед, источното решение било најнеповолно и давало најмалку можности за успешна борба против Кајсар.[58] Ова, бездруго, морало да му биде јасно и на Помпеј – па сепак, тој решил да се повлекува кон Исток. И, кога веќе го отфрливме влијанието на Кикерон, во продолжение треба да разгледаме зошто постапил така.

Пред сè, мора да се има на ум дека Македонија и Ахаја го контролирале пристапот кон богатите источни провинции – Азија и Сирија. Тие, пак, не можеле да дадат ниту подготвени војници ниту римски граѓани за регрутација, но затоа биле исклучително богати. Земени во целина, териториите што ги контролирал или ќе ги контролира Помпеј – Македонија, Хелада, Крит, Мала Азија, Битинија, Понт, Киликија, Кипар, Сирија, Киренаика, Африка и Хиспанија – биле оданочени со 238 милиони сестерции годишно, околу 68% од вкупниот годишен прилив во државната благајна. За споредба, териториите на Кајсар – Галија во целост, Италија, Сицилија, Сардинија и Корзика – давале данок од 112 милиони сестерции, само 32% од годишниот прилив.[59]

Сè упатува на помисла дека Помпеј, ако одбирал меѓу активна воена сила и материјални средства, го одбрал второто. Секако, нему би му недостигала подготвена активна војска, но тој ценел дека има одлична финанси-

---

[57] Caes. *Bell.Civ.* 3.4, 3.88. *Contra* H. DELBRUCK, *History of the Art of War within the Framework of Political History*, Vol. I, *Antiquity*, Westport 1975, 542-555; авторот ја оспорува целината на податоците што ги дава Кајсар, а особено бројната состојба на силите. Сепак, општо земено, мнозинството истражувачи во речиси сета литература за ова прашање ги прифаќаат бројките како приближно точни.

[58] A. NOFI, *op. cit.*, врз база на споменатиот квантификациски модел, дава исцрпна анализа и проекција на судирите во сите три понудени варијанти: според оваа анализа, можноста за успех на Помпеј со база во Хиспанија е 5/6 (.83), со база во Африка – 1/2 (.5), а со база на Истокот – 0, со можност од 1/3 (.33) за нерешен исход и продолжување на војната. Авторот оттука цени дека Помпеј избрал катастрофално решение. Современите математички анализи – дури и кога се засновани врз универзално прифатениот модел на пресметување, кој денес редовно се користи во военатa стратегија – не се единствениот и најточниот начин да се предвидат можниот исход и натамошните случувања, зашто не ги земаат предвид немерливите, субјективни вредности во равенството; па сепак, иако за нумеричките вредности може да се спори, авторите на овој труд ценат дека проекцијата на A. NOFI, во основа, може да се прифати како соодветна.

[59] Основни податоци кај T. FRANK, *An Economic History of Rome*, Baltimore 1920; неговата анализа е прифатена – со помали забелешки – и во сета подоцнежна литература.

ска подлога за да го надмине овој недостиг. Приходите од овие територии му давале можност да држи во активна служба близу шеесет римски легии[60] – број што римската држава и онака не можела да го исполни со своето граѓанство.[61]

Но, за да се исплати ваквото решение, материјалната сигурност морала да содејствува со политичкото влијание на Помпеј во источните провинции. Помпеј имал клиенти на територијата на целата Република – од Хиспанија, преку северна Италија и Африка, сè до Анатолија, некои наследени од неговиот татко, Гнај Помпеј Страбон, а некои стекнати за време на неговата политичка и воена кариера.[62] Семејството на Помпеј било добро познато и на Балканскиот Полуостров. Секст Помпеј, таткото на Гнај Помпеј Страбон, бил провинциски управител на Македонија во 119 год. од ст.е., каде загинал во борба против барбарите;[63] се чини дека е споменат и на еден список на свештеници во Бероја.[64] Секст Помпеј се споменува на натпис од Атина,[65] исто како и Гнај Помпеј Страбон, но не е јасно дали и тој бил управител на Македонија или, пак, е споменат само како татко на Помпеј Велики.[66] Најпосле, *Gens Pompeia* била особено почитувана на островот Тасос, во непосредна близина на географска Македонија.[67] Зборуваме само за сведоштва што се однесуваат на Македонија и Ахаја; ако се оди подалеку кон исток, особено по должината на брегот на Мала Азија, списокот на по-

---

60 Под претпоставка дека едногодишна издршка на една римска легија чинела 4 милиони сестерции; пресметката е заснована врз податоците изнесени кај Кикерон (*In Pis.* 86) и кај Плутарх (*Caes.* 28, *Pomp.* 55), како и врз патемните споменувања на Кикерон за легиите со кои заповедал во Киликија (*Ad Fam.* 5.20.9, *Ad Att.* 5.11.5). *Cf.* T. FRANK, *An Economic History of Rome*, Baltimore 1920, 136 sqq.

61 Но, тука, излегуваат проблемите со регрутната база на Истокот: Помпеј и Помпеевците во ниту еден миг не успеале да соберат повеќе од 23 легии во исто време, бројка достигната кон почетокот на 48 год. од ст.е. За споредба, од 49 до 46 год. од ст.е., со неговите средства, Кајсар успевал да држи во просек по 29 легии, а најмногу 36. *V.* BRUNT, *op. cit*, 473 sqq.

62 Најисцрпни податоци за активностите на Помпеј на Истокот има во делумно сочуваното дело *Mithridatica* на Апијан; како дополнување, *cf.* Plut. *Pomp.* 30-42; Vell. 2.33.1-4, 2.37.1-5, 2.40.1-3. Едно од најквалитетните современи дела е R. SEAGER, *Pompey*, Oxford 1979, особено стр. 28-55.

63 Во изворите се споменуваат Гали, можеби Скордиски; ова е потврдено и со епиграфски споменик – *SIG*$^3$ 700.

64 *SEG* XLIII, 382; *cf. AE* 1993, 1385.

65 *IG* II$^2$ 4100; *SIG*$^3$ 701; *cf. AE* 1910, 177.

66 *Cf.* F. PAPAZOGLOU, „Quelques aspects de l'histoire de la province de Macèdoine", *ANRW* II 7.1, 1979, стр. 310.

67 J.-Y. EMPEREUR и A. SIMOSSI, „Inscriptions du port de Thasos", *BCH* 118 (1994), 412-415; најнов натпис од Тасос во врска со *gens Pompeia* во *AE* 1994, 1540.

чесни натписи и споменувања на Помпеј и неговото семејство речиси нема крај.[68]

Врз основа на сево ова, може да се претпостави дека Помпеј решил да се повлече на Балканскиот Полуостров, а не во Хиспанија или во Африка, зашто на тој начин најлесно би ја зачувал контролата над источните провинции, во кои уживал голем углед и во чија огромна фискална моќ полагал многу надежи. Тој бездруго ценел дека со средствата од источниот фискус ќе може да го надомести моментниот недостиг на активна воена сила; затоа ги жртвувал војнички посилните опции, кои исто така му гарантирале материјална обезбеденост, но ни одблизу толкава како Истокот. Она што веднаш паѓа в очи, според податоците со кои располагаме, е дека нема никаква основа на Македонија да ѝ се припишува тежишна улога во неговите планови; од каде, тогаш, тврдењето дека Помпеј имал намера да основа „царство" во Македонија, и тоа – како што истакнува М. Б. Панов[69] – по углед на Александар?

7. Според сè, призрачното „македонско царство" на Помпеј е нешто за што нема цврста подлога во изворите, ниту во тоа веруваат современите истражувачи. За беседата на Антониј по убиството на Јулиј Кајсар ни зборува Дион Касиј, кој пишува кон крајот на II и почетокот на III век ст.е. – близу три века по случувањата. Врската, пак, помеѓу Помпеј и Александар ја воспостава Плутарх, философот-биограф од Хајронеја кој, како што вели, „не пишува историја, туку животописи."[70] Освен тоа, во „Напоредните животописи", животописот на Александар е удвоен со животописот на Кајсар, а не со оној на Помпеј кој оди заедно со оној на Агесилај.

Значи, од двајцата антички автори што зборуваат за ова, едниот пишува *најмалку од втора рака*, а другиот *не е ниту историограф* – туку моралист со послободен однос кон фактите, кои може да ги искористи, но и да ги занемари, во зависност од тоа дали се вклопуваат во сликата на карактерот што сака да ни ја претстави.[71] Би се рекло дека античките сведоштва за овој проблем се повеќе од недоволни, та веројатно затоа „македонската врска" ја нема ниту во анализите на историчарите од понова дата.[72]

Но, без оглед на сè, идејата е провокативна и заслужува да се испита уште еднаш. Во продолжение ќе бидат опфатени и некои други прашања:

---

[68] Одличен приказ на L. A. VALVERDE, „Inscripciones honoríficas dedicadas a Pompeyo Magno", *Faventia* 23/1 (2001), 87-102.

[69] М. Б. ПАНОВ, *op. cit.*, 211.

[70] Plut. *Alex.* 1.

[71] *V.*, на пример, S. SWAIN, „Plutarch: chance, providence, and history", *AJP* 110 (1989), 272-302; сè уште се валидни и забелешките на L. CASTIGLIONI, „Osservazioni critiche agli scritti morali di Plutarco", *Rend. R. Ist. Lombardo* 64 (1939), 879-909.

[72] *Cf.*, на пример, J. VAN OOTEGHEM, *Pompée le Grand, bâtisseur d'empire,* Bruxelles 1954; J. LEACH, *Pompey the Great,* London 1976; R. SEAGER, *Pompey: a political biography,* Oxford 1979; P. GREENHALGH, *Pompey, the republican prince,* London 1981.

проблемот на римскиот „сенат" во Тесалоника; потоа – неговата законитост и местото во правниот систем на римската република (со други зборови, неговата „државотворност"); односот кон и на локалното население, та најпосле и претпоставеното „царство".

Најпрвин, да се вратиме кај Кикерон. Како што видовме, тој искористил сè што му било на располагање да ја спречи граѓанската војна, но без успех. Откако ги загубил сите надежи за успех, но и откако сфатил дека, во суштина, не избира меѓу Кајсар и републиката, туку меѓу Кајсар и Помпеј – му се приклучил на вториов, кому му должел повеќе:

> Та јас, жими Херкул, не го правам ова поради републиката; таа е веќе уништена до темел. Напротив, постапувам вака за да не ми се префрли дека сум неблагодарен кон човекот што ме спаси од чемер (*sc*. од прогонството) [...]. И така, ако не можеме по Горното, ќе пловиме по Долното море; ако е тешко да се тргне од Путеоли, ќе исловиме од Кротон или Турии. Сè на сè, како добри граѓани посветени на татковината, ќе се однесуваме како пирати (инаку не гледам како би ја воделе оваа војна). *Ќе одиме во Египет и ќе се утврдиме таму.*[73]

На прв поглед е неверојатно, но сепак е вистина: Кикерон дотаму немал увид во она што го правел Помпеј, што непосредно пред да замине сè уште верувал дека ќе оди во Египет. Како и да е, на 7 јуни 49 год. од ст.е. Кикерон најпосле заминал од Италија: придружуван од најблиското семејство, исловил од Формија за да му се придружи на Помпеј во Дирахиј. Но, мошне е индикативно тоа што претходно си зел слобода да мине *неколку месеци* на имотот на Атик во Епир, па всушност му се придружил на Помпеј дури кон крајот на 49 год. од ст.е. – *осум или девет месеци по доаѓањето на Помпеевциите во Македонија*.

Во врска со сево ова, ни се чини, има само една нејасна работа. Како можел Помпеј да ја одбере Тесалоника за седиште „по претходна консултација со Кикерон",[74] кога Кикерон безмалку до последен момент бил убеден дека ќе се патува за Египет – а и кога дознал каде треба да оди, стасал таму речиси цела година по Помпеј? Само патемно ќе минеме преку дополнителните прашања што произлегуваат од хипотезата на М. Б. Панов: дали римските сенатори го послушале наводниот „совет" на човек што, очигледно, и самиот не мислел да се послуша себеси? Дали ова решение им го предложил – или им го наметнал – Помпеј, кој не бил свесен дека Кикерон советува едно, но по сè изгледа мисли да прави друго? Дали, можеби, сето ова се случувало дури *откако* дошол Кикерон, а пребеганите Римјани дотогаш немале политичко збиралиште?

Одговор нема, и не може да има, зашто во мигот кога Кикерон најпосле се сретнал со Помпеј, изборот бил iam factum et completum, веќе направен и завршен. Римјаните биле во Тесалоника, а тој можел само да им се придру-

---

[73] Cic. *Ad. Att.* 9.19.2. Подвлечено од авторите.

[74] М. Б. ПАНОВ, *op.cit.*, 210.

жи (како што навистина постапил), или да го мине сето време во логорот на Помпеј (што не му погодувало, а ќе видиме и зошто). Впрочем, би било навистина чудно Помпеј и пребеганите Римјани да не се досетат самите да се засолнат во Тесалоника – најголемиот град во римска Македонија, важен трговски центар на Via Egnatia, управуван од претор, со римска воена посада, та уште и со големиот *Skaptos limēn* кој ги задоволувал трговските потреби на градот сè до XVIII век. Каде инаку би се засолниле? Претпоставената консултација на Помпеј со Кикерон не е само погрешна – таа, во овој случај, е непотребна.

За да бидат работите уште позаплеткани, Помпеевците го пречекале Кикерон во Дирахиј студено и без срдечност.[75] Тој немал речиси никаков удел во подготовките за борбата што претстоела; откако останал прилично долго време во Тесалоника, во мај 48 год. од ст.е. најпосле стасал во логорот на Помпеј во Петра, близу Дирахиј. Случувањата во логорот ни се мошне важни, зашто ја откриваат вистинската природа на односите меѓу Помпеј и Кикерон. Како што може да се види од неговата лична преписка, Кикерон бил мошне нерасположен и немал верба во целиот потфат уште од почетокот на 48 год. од ст.е. Откако стасал во логорот на Помпеј, неговото негативно расположение уште повеќе се зголемило, иако тоа не можел никому да го соопшти отворено – некои истражувачи одат дотаму што претпоставуваат дека неговите писма биле подложени на воена цензура.[76] Писмата се однесуваат исклучиво на приватни нешта, а во нив одвај ако има некоја лукаво скриена забелешка за неговото незадоволство. Плутарх ни соопштува дека незадоволството, главно, се должело на тоа што *mēden mega autoi khrēsthai Pompēion*, т.е. Помпеј не му давал никакво поважно задолжение.[77] Та дури и да го отфрлиме сведоштвото на Плутарх како неверодостојно или проблематично – зашто така постапивме и погоре – останува впечатокот дека нивната врска не била архетип на слога и разбирање, особено ако се земат предвид бројните огорчени епиграми и саркастичните белешки што ги пишувал Кикерон во логорот.[78] Помпеј не бил расположен да слуша заједливи забелешки на човек кому, згора на сè, му должел и големи пари – целокупниот износ што го спечалил Кикерон за време на неговото провинциско управителство им бил доверен на некои здруженија на римски публикани во Азија и, преку нив, префрлен на сметка на Помпеј.

Што се случувало понатаму е добро уточнето. Кикерон останал во логорот сè до 9 август, кога се биела пресудната битка кај Фарсала – настан во кој воопшто не учествувал.[79] Еден месец подоцна, Помпеј бил предаден и

---

[75] Cic. *Ad. Att.* 11.6.6.

[76] *Cf.* старата, но одлична анализа на E. SHUCKBURGH во M. Tullius Cicero, *Letters*, ed. E. Shuckburgh, London 1908-1912.

[77] Plut. *Cic.* 38.

[78] Idem., Cic. 38; Cic. *Phil.* 2.57; *cf.* Cic. *Phil.* 2.37-39.

[79] Cic. *Ad. Fam.* 9.9; Cic. *Ad. Att.* 11.4; *cf.* Cic. *Ad. Att.* 11.4.2; Cic. *Ad. Fam.* 9.18.2; Plut. *Cic.* 39.

убиен во Египет.[80] Во почетокот на ноември, Кикерон веќе бил во Италија.[81]

**8.** Детаљната анализа на односите меѓу Помпеј и Кикерон во последните години од животот на Помпеј јасно покажа дека, ако се земат предвид севкупноста од сведоштва од прва рака и контекстот на случувањата, историската вистина не е ни одблизу толку едноставна и праволиниска колку што може да се чини. Но, толку нека биде кажано за Кикерон, Помпеј и нивната врска полна подеми и падови; останува уште само проблемот на римскиот „сенат“ во Македонија и на призрачното „македонско царство“ на Помпеј.

По повлекувањето во Македонија, во придружбата на Помпеј се нашле близу двеста сенатори, како и конзулите Клавдиј Маркел и Корнелиј Лентул. За причините поради кои повеќето од нив се повлекле од Италија може да се спекулира. Вистина е дека мнозинството сенатори во последните години го поддржувале Помпеј за сметка на Кајсар, но треба да се имаат на ум и свежите сеќавања на не толку дамнешните проскрипции на Мариј и Сула. Кога стасал глас дека Кајсар напредува кон Рим, дел од римските nobiles бездруго заминале не поради идеологија, туку поради страв од можни проскрипции. Сè уште стои и духовитата забелешка на Момзен, кој вели дека – откако во Македонија стасале и луѓе како Марк Катон, Лукиј Домитиј, Афраниј, Варон и кремот на римските воени заповедници од Хиспанија – заминувањето од Италија за римските аристократи станало поскоро прашање на мода, одошто на чест.[82]

Како и да е, поради една или друга причина, во Македонија одеднаш се збрале многу Римјани; јасно, тука требало да се воспостави некаков ред. Римските емигранти во Тесалоника воспоставиле неофицијално тело, кое наводно требало да послужи како римски „сенат“ во прогонство. Дион Касиј тврди дека во таа година Рим имал две поглаварства,[83] значи два сената и државни службеници на две различни места; но, дали ова ѝ соодветствува на вистината? Ако се разгледаат повнимателно специфичностите на римското уредување и правниот систем на римската држава, станува јасно дека и тука одговорот мора да биде негативен.

Прво, воопшто не е важно како се нарекувало тоа тело – сенат, совет од двесте, од триста или некако поинаку; важно е што можел тој да направи

[80] М. Б. ПАНОВ, *op.cit.*, 213, му го припишува убиството на Помпеј на кралот Птолемај XII; ова е погрешно, зашто Птолемај XII Авлет умира во 51 год. од ст.е. Убиството на Помпеј, всушност, било замислено и организирано од Ахила, Потин и Теодот, советниците на младиот Птолемај XIII, кои на овој начин, најверојатно, сакале да му се додворат на Кајсар.

[81] Cic. *Ad. Att.* 11.5.

[82] T. MOMMSEN, *The history of Rome*[2], trans. W. P. Dixon, Glasgow 1894, 5.10: „Brundisium, Ilerda, Pharsalus and Thapsus“, достапна на http://www.gutenberg.org/etext/10705, 15.11.2005; достапна и на бугарски јазик: Теодор МОМЗЕН, *Римска история*, ИК Прозорец, София, 1999.

[83] Cass. Dion. *Hist. Rom.* 41.43.

во дадените правни рамки. За да се свика собрание на римски граѓани, во сенатот морало да има конзули, високи магистрати, кои имале *ius agendi cum populo* и кои го свикувале народот на *dies comitiales*. Но, такви во Тесалоника немало – зашто Клавдиј Маркел и Корнелиј Лентул веќе не биле конзули; за нивни наследници во службата, народот во Рим ги одбрал Гај Јулиј Кајсар и Сервилиј Исаврик. Згора на сè, дури и да имало конзули таа година во Тесалоника, останува нејасен нивниот однос со Помпеј, во чија полза во 49 год. од ст.е. бил донесен *senatusconsultum ultimum*,[84] иако не бил конзул, та во неговиот случај не можела да се примени формулата *videant consules*; но, ова треба да се анализира пошироко и бездруго заслужува посебен труд. Тука е доволно да се каже само тоа дека телото во Тесалоника не можело ниту да свика собрание (*comitia*), а не пак да донесува одлуки врз основа на гласањето на народот, зашто таму немало државен службеник со *ius agendi* – ако се изземе вонредното овластување на Помпеј, кое веќе бездруго било ставено вон законот.

Зошто му придаваме толкава важност на свикувањето на комитиите? Затоа што нивното свикување нормативно значело свикување на римскиот народ. Lex est quod populus iubet atque constituit;[85] без гласање и одлука на римскиот народ, не може да се донесе закон. Плутарх споменува една „сенатска одлука" донесена по предлог на Катон Помладиот,[86] но податокот на Дион Касиј – дека „конзулите" не поднеле предлог за lex curiata[87] – е доволен показ дека телото во Тесалоника имало проблеми. За што станува збор? Ливиј објаснува дека, според *lex curiata de imperio*, конзулите се избирале на кентуријатските комитии, но можеле да добијат *imperium* само ако им го додели куријатската комитија.[88] Забелешката на Дион Касиј мора да се отфрли како површна, зашто не ја објаснува суштината на проблемот – дека во Тесалоника, најверојатно, немало доволно Римјани за да се свика куријатска комитија. Заклучокот е јасен: Тесалоника не го претставувала populus Romanus во целосна смисла, та оттаму секое политичко тело што имплицирало почитување на римската правна регулатива – а телото во Тесалоника очигледно се обидувало да го стори тоа – немало правно регулирана положба.[89] Римската република во 48 год. од ст.е. имала еден сенат и двајца конзули, но тие биле in Urbe – во градот Рим, а не во Тесалоника.

Значи, без разлика на бројот на сенатори, поранешни конзули и високи државни службеници што пребегале кај Помпеј, без оглед на нивниот статус и углед во римското општество – сите официјални прогласи и одлуки од

---

[84] *V.* App. *Bell. Civ.* 2.33, каде, според сè, станува збор за *senatusconsultum ultimum*, иако не е наречен така експлицитно; *cf.* и алузиите во Plut. *Pomp.* 61.

[85] Gai. *Inst.* 1.2.

[86] Plut. *Pomp.* 65.

[87] Cass. Dion. *Hist. Rom.* 41.53.

[88] T. Liv. 5.52.

[89] *Cf.* P. ROBINSON, *The Sources of Roman Law*, London - New York 1997, 131 sqq.

Тесалоника биле незаконски. Неправилна е и премисата дека Помпеј се обидувал да оформи држава паралелна со римската република; однесувањето на членовите на ова тело сведочи дека тие биле особено внимателни во поглед на римските правно обрзувачки прописи – но, за жал, токму овие прописи ги ставале вон законот. Ако може накусо да се оцени целта на телото во Тесалоника, ни се чини дека би било најправилно да се каже дека Помпеј и пребеганите сенатори барале начин да ја легализираат својата положба. Но, ова требало да се направи со голема политичка претпазливост и чувство; можеби Помпеј и можел да инсценира формално куријатско гласање, но прашање е како ваквиот расцеп во државната управа би им се допаднал на римските граѓани – гласачи и потенцијални симпатизери – во Рим и Италија.

**9.** Интересно е што М. Б. Панов воопшто не го загатнува прашањето – зошто еден човек што намислил да основа сопствено „царство" толку се трудел да добие легален статус во државата што наумил да ја растури и расцепи. Но, тука треба да се осврнеме на уште еден проблем, греку кој авторот минува лесно и речиси небрежно: проблемот на односите меѓу Помпеј – според анализата на М. Б. Панов, потенцијалниот ослободител – и месното население. Како што ќе видиме во продолжение, и тука можат да се откријат многу индикативни нешта.

Додека Кајсар војувал против Помпеевците во Хиспанија (а и подоцна, додека ја смирувал состојбата во Италија), Помпеј имал одврзани раце за да се подготви за решавачката битка. Плутарх соопштува дека Помпеј ја минал целата зима во Бероја, каде ја обучувал војската.[90] Податоци за бројноста на оваа војска има кај Кајсар и кај Апијан; пресметките се поклопуваат, со тоа што Апијан ја дава вкупната бројка на сета војска на страната на Помпеј, а Кајсар образложува и колкава била војската со која заповедал Помпеј, а колку борци биле под заповедништво на Скипион. Сè на сè, Помпеј успеал да состави единаесет римски легии и да собере околу седум илјади коњаници; на оваа војска ѝ додал одреди од Јонци, Македонци, Пелопонесјанци, Бојотијци, критски стрелци, тракиски лесни борци, понтски копјаници, келтски коњаници, Комагенци, Киликијци, Кападокијци, одреди од Арменија, Памфилија и Писидија. Освен овие, кај Кајсар се споменати и Германи, Дарданци, Беси и Тесалци. Помпеј имал помошни одреди со прилично шарен состав: географски, неговите сојузници доаѓале од сите источни провинции на државата. Колкав удел имале Македонците? Кајсар сведочи дека Помпеј имал *двесте* војници од Македонија, на чело со некој Раскиполис[91] (веројатно платеници); ним, потоа, им придодал само уште еден контингент од Македонци и Тесалци, чија бројност не ја знаеме.[92]

---

[90] Plut. *Pomp.* 64.

[91] Името на овој претпоставен водач на македонски контингент е мошне индикативно; според морфолошката структура, Раскиполис воопшто не личи на македонско име ниту, пак, колку што знаеме, тоа е документирано на некој епиграфски споменик во Македонија. Напротив, мошне е извесно дека ова име е тракиско. Во

Ако Помпеј навистина тежнеел да основа држава, чија носечка компонента би биле балканските и малоазиските народи, изненадува малубројноста на воените контингенти составени токму од месното население; ова важи и за сразмерно малата важност на задачите што им биле доделени во текот на воените операции. Според Апијан, Помпеј сакал главниот товар на воените дејствија да го понесат римските сили, а сојузниците намислил да ги користи само како логистичка поддршка, со цел сите римски војници да ги искористи на бојното поле. Дури и во решавачката битка кај Фарсал, Македонците, Атињаните, Бојотијците и Пелопонесјанците биле единствените што биле построени близу римскиот боен ред, а сите други биле оставени во резерва.[93] Но, дури ни ваквиот распоред не значи дека овие имале посебна улога или привилегии во политичка смисла: повторно според Апијан, тие биле во строј „зашто умееле да задржат добар ред и молк", значи исклучиво поради воени причини.[94]

Врз основа на овие два контингента Македонци, апсолутно не може да се зборува за некаква верност на Македонците кон Помпеј. Македонци имало колку на едната толку и на другата страна. Благородникот Менедем, на пример, бил испратен кај Кајсар за да му изрази верност во име на Македонците од Горна Македонија; кога, пак, во Македонија стасал Гнај Домитиј Калвин, легатот на Кајсар, кај него побарале прием многубројни пратеништва од македонските градови.[95] Дека месното население не поддржувало ниту една страна – или по потреба ги поддржувало двете – сведочат и неколку помали епизоди. Кога Кајсар навлегол во Тесалија, првиот град пред кој стасал бил Гомфос, чии жители, охрабрени од победата на Помпеј кај Дирахион, одбиле да му се покорат на Кајсар. Градот паднал, а потоа бил ограбен и опустошен од војниците.[96] Застрашени од судбината на Гомфос, граѓаните на Метрополита му ги отвориле портите на Кајсар, та овој со нив

---

некои ракописи со текстот на Апијан, името гласи Rascoupolis, што веќе е сосем препознатливо тракиско име, посведочено и во варијантите Rhaskuporis, Rhaskyporis, Reskuporis, Rhaskupolis, Rascupolis, R(h)ēscupolis, а протолкувано од И. Дуриданов како „брзо, итро момче". V. I. DURIDANOV, *Die Sprache der Thraker*, Neuried 1985, *s.v.*; *cf.*, исто така, и А. И. НЕМИРОВСКИЙ, М. Ф. ДАШКОВА, *Луций Анней Флор – историк древнего Рима*, перев. и ком. А. И. НЕМИРОВСКОГО, Изд-во Воронеж. ун-та, Воронеж, 1977, 167. Ако е ова точно, паѓаат во вода сите претпоставки за поддршката на Македонците на Помпеј како израз на нивното етничко или „национално" чувство; ако нивниот водач навистина бил Тракиец, овие двесте борци од Македонија или воопшто не биле Македонци, или, пак, едноставно биле платеници, при што нивната етничка припадност не играла никаква улога.

92 Сите податоци се од Caes. *Bell. Civ.* 3.4; App. *Bell. Civ.* 2.8.49.

93 App. *Bell. Civ.* 2.9.75.

94 Idem., *ibidem.*

95 Соодветно, Caes. *Bell. Civ.* 3.34; 3.36. *Cf.* F. PAPAZOGLOU, *op.cit.*, 322, која воопшто не ценела дека треба да го загатне прашањето на односот меѓу Помпеј и Македонците.

96 App. *Bell. Civ.* 2.10.64.

постапил благо. Граѓаните на другите градови сега можеле да одбираат меѓу судбината на Гомфос и судбината на Метрополита; очекувано, веќе никој не се осмелил да му се противстави на Кајсар, со исклучок на Лариса.[97] Наклонетоста на градовите кон едниот или другиот војсководец очигледно зависела од тоа кој бил построен пред градските порти.

Што се случувало по битката кај Фарсал? Првата последица од победата на Кајсар било моменталното откажување од Помпеј и бришењето на каква и да е врска со него. Ова се случувало, помалку или повеќе истовремено, на целата територија на римската држава.[98] Кога гласот за победата на Кајсар стасал во Рим, граѓаните ги урнале статуите на Сула и на Помпеј на Рострата.[99] Тешко е да се поверува дека на Балканот било поинаку. Немаме никакво сведоштво дека, откако Помпеј ја загубил битката кај Фарсал, месното население продолжило да војува против Кајсар во име на некакви ослободителни, народни цели.[100] Напротив, градовите што до битката кај Фарсал биле сојузници на Помпеј, како по заповед почнале да го слават Кајсар.[101]

**10.** Таков бил неславниот крај на замислите и потфатите на Помпеј. И, ако сè уште треба да се докажува дека Помпеј сакал власт во римската република, а не основање на источна *basileia* (макар ја превеле, прилично небрежно, како „царство") – на оваа последна задача се нафаќаме со големо задоволство, зашто таа не бара речиси никаков напор. Ќе ги оставиме изворите да зборуваат сами за себе и да ја поткрепат нашата анализа:

> Кога двете војски влегле во Фарсалската рамнина и поставиле логор [...] луѓето од придружбата на Помпеј добиле толкава самодоверба [...] што Домитиј, Спинтер и Скипион зеле да се расправаат за честа на првосвештеник што во тоа време ја имал Кајсар; многумина праќале во Рим застапници кои требало да изнајмуваат или куќи достојни за идни претори и конзули, ценејќи дека овие почести ќе им бидат дадени веднаш штом војната ќе заврши.[102]
>
> Откако двете моќни војски (*sc.* на Помпеј и Скипион) ги споија своите редови [...] нивната верба во победата толку се засили, што станаа убедени дека им останало сосем малку време до враќањето во Италија. Секогаш кога Помпеј настапуваше бавно и претпазливо тие негодуваа зашто, според нив, се одолжува нешто што може да се заврши за еден ден [...] И сега почнаа отворено да се препираат за награди и свештеништва, а конзулски-

[97] Caes. *Bell. Civ.* 3.81.

[98] *V.* L. A. VALVERDE, *op.cit.*, 98.

[99] Dion. Cass. *Hist. Rom.* 42.18.2.

[100] *Cf.*, на пример, случајот на Самнитите, кои продолжиле да му даваат жесток отпор на Лукиј Корнелиј Сула дури и откако тој ги поразил Мариевците.

[101] Ова се случувало насекаде на Истокот, а најочигледно во Јонија: во Ефес, Кајсар бил обоготворен, а во Пергам бил славен како спасител.

[102] Plut. *Caes.* 42; *cf.* Plut. *Pomp.* 68.5.

те овластувања си ги поделија за неколку години однапред. Некои полагаа право на куќите и имотите на луѓе од логорот на Кајсар. Имаше и жешка расправија за тоа дали Лукиј Хиртиј, кого Помпеј го прати во Партија, треба во отсуство да се прифати како кандидат за претор на следните избори; пријателите на Хиртиј го молеа Помпеј да ги исполни ветувањата што му ги дал пред да замине [...] други пак, жолчно докажуваа дека Хиртиј како поединец не може да има предимство пред сите други...[103]

Крај вакви автентични сведоштва, останува ли место за помислата дека Помпеј и неговите приврзаници заминале од Италија за да основаат нови огништа, во нова држава на Истокот? Вака зборуваат и постапуваат само луѓе што со сето срце сакаат да се вратат во Рим, и тоа што е можно побрзо – луѓе што дошле на Балканот „не за да заминат од татковината, туку со цел добро да се подготват и да се борат против човекот кој долго време работи против неа, и кој преку поткупени луѓе неочекувано ја зазеде Италија."[104] Тоа го кажуваат сведоштвата од прва рака, меѓу кои не би можеле да го вброиме посмртното слово на Марк Антониј – на кое, речиси три века подоцна, освен естетско и политичко, Дион Касиј решил да му припише и историско значење.

**11.** Да заклучиме. Ако правилно поставениот проблем е до половина решен проблем, втората половина од решението произлегува од правилната, сеопфатна и методолошки цврсто поставена анализа на зачуваните пишани и материјални извори. Тие извори јасно и гласно кажуваат (а) дека Македонија не била важен дел од политичката агенда на Кикерон, (б) дека Кикерон немал особено политичко и идејно влијание врз Помпеј, (в) дека Помпеј немал намера да основа никакво царство во Македонија и (г) дека ниту Македонците биле особено импресионирани од неговите потфати ниту, пак, тој од нивниот пречек.

Сѐ на сѐ, М. Б. Панов има полна слобода да ја занемари различната природа на сведоштвата за периодот на римските граѓански војни; да мине преку проблемите во врска со композицијата на секој од нив поодделно; да се ограничи само на еден или два извора, без оглед на нивната претпоставена веродостојност, и да го толкува текстот од почеток до крај, без трошка сомнеж дека она што е напишано не е сосема соодветно со историската вистина. Ние сме убедени дека слабите точки во неговата анализа произлегуваат токму поради ваквиот методолошки пристап; со него проблемот не само што не се решава туку најпрвин се загатнува а потоа, во основа, се одбегнува. Обемната, пак, научна литература се обременува со уште еден наслов, кој не само што не носи ништо ново туку и ги затскрива старите, веќе прифатени и издржани решенија.

---

[103] Caes. *Bell. Civ.* 3.82.

[104] *Cf.* App. *Bell. Civ.* 2.8.50.

*Vojislav SARAKINSKI*
*Stefan PANOVSKI*

# CICERO, POMPEY AND MACEDONIA

Summary

In a recently published article on the status of Macedonia and the Macedonians during the Roman civil wars, M. B. Panov offered a rather new interpretation of the subject. By linking together several pieces of information given by Cassius Dio and Plutarch, the author argues that his exile in Macedonia stirred Cicero towards a new interpretation of the role of the province of Macedonia, which had allegedly served as a basis for a redefined Roman policy towards the Balkans and Macedonia in particular; furthermore, the author presumes that this standpoint of Cicero convinced Pompey the Great to choice Macedonia, at first as a centre of operations against Julius Caesar, later as a foundation for a new, independent empire (sic), with Thessalonica as its capital; lastly, the author argues that this idea received an overwhelming support by Macedonians and Eastern peoples alike, fighting in the ranks of Pompey's army as allies.

This interpretation deserves a scrutiny on several points. It seems highly improbable that historians and classicists alike have for more than a century – ever since Mommsen's *Römische Geschichte* – disregarded such an important association between the province of Macedonia and some of the main Roman political figures of the time. With this in mind, we have tended to reassess all the extant sources and find potential evidence for the claims of M. B. Panov – first-hand and later accounts, commentaries within the time span and up to late Antiquity, historical, literary and biographical works, as well as epigraphic evidence. However, this considerable body of evidence does not appear to attest the hypotheses we have briefly presented above.

The circumstances concerning Cicero's Macedonian exile are known almost in details; however, modern scholars – T. A. Dorey, W. K. Lacey, C. Habicht, to mention only a few – have found little evidence of significant contemplations about Macedonia in his correspondence, even less in his later political speeches. M. B. Panov quotes two pieces of information from Cicero's public speeches – *Planc*. 98-99 and *De prov. cons*. 2 – both of them flattering Macedonia in terms of respect and friendship towards the Roman people; what he fails to do, however, is to interpret them in their wider context. Unfortunately, this turns out to be a rather compromising error: the context clearly shows that the province of Macedonia is far off the span of Cicero's interest at the time. To a certain extent, Macedonia serves as a conventional Ciceronian rhetorical implement for achieving quite a concrete goal – forcing an exoneration of a tribune accused of erred conduct in the former instance, exerting a political sentence to Cicero's foes in the latter. Considering the fact that other historical and literary evidence is missing – a fact repeatedly stressed by Th. Sarikakis, for example – we fail to see a reason for assu-

ming the existence of an alleged Ciceronian-inspired "New Deal" in Macedonia. Quite the opposite, we have to collaborate the widely accepted opinion that, few mentions of Macedonia apart, Cicero's interest in Macedonia is at least as scanty and circumstantial as his references to this province.

There is even less evidence for an alleged influence of Cicero during Pompey's deliberations on a possible departure from Italy in 49 B.C. Ever since F. Abbott's published his famous commentaries, Cicero's quest or peace and harmony in a city ridden by discord has become a common place in scholar literature; thus, the private correspondence of Cicero has been thoroughly studied for the most of the last century, and the evidence found within is far from intriguing. As we can see from his letters – mainly *Ad. fam.* 16.11.2, as well as *Ad Att.* 9.10.3. and subsequent – Cicero is trying to keep an equal distance off both Caesar and Pompey. He is puzzled by Pompey's decision to leave Italy to defend the State; even when he finally does seem to acknowledge the fact that he must leave Italy, he seems to be unaware that he would have to travel to Macedonia to join Pompey's camp. In fact, as A. Nofi has recently shown, Pompey's decision had probably more to do with pondering the benefits and disadvantages of Africa, Hispania and Macedonia – the territories that he had in his grasp at the time – than with any influence that Cicero might have ever exerted on him.

It is a common fact that the gens Pompeia was well known and established in the Eastern Provinces. Being a grandson of a former procurator of Macedonia who died on the battlefield defending the province from barbarian raids, Pompey sought to bring into play his large political influence. Contrary to what M. B. Panov believes, this does not seem to have impressed the Macedonians. He stresses the fact that Pompey received the help of some two hundred cavalry and an uncertain number of Macedonian infantry; however, he fails to mention that this is by no means equal to what Caesar had been promised – a nearly unanimous support of all the princes from Upper Macedonia.

Having dismissed the alleged influence of Cicero and the wide support of the Macedonians, we observe the veracity of the proposed "Pompeian" empire. Panov argues that the presumed Senate in Thessalonica is a clear indication that Pompey had statesmanlike ambitions that did not exclude establishing a new state in the East; his actions, however, as well as the rudimentary legislation put forth by this temporary body in exile, stress the opposite. There are numerous indications that these former senators did not tend to establish a new and independent legislative system, but to follow Roman legislature – therefore passing a decree proposed by M. Cato, which was problematic, but refraining from arranging comitial voting or consular elections, which would have been an outrage if done outside of the walls of Rome. However, another question that should be addressed is the question of source interpretation. There are but two sources that inform us about this Pompeian empire-to-be in Macedonia: a third-hand account by Cassius Dio and a shaky characterisation by Plutarch. It is perfectly understandable that – with sources as few and as unreliable as these are – one can easily slip into overinterpretation and treat this problem as a historical reality, just because it fits into a certain scheme of events. However, we fail to understand the fact that Panov does not mention either Appian's or Caesar's own Commentaries on the Civil war, especially Caes. *Bell. Civ.* 3.82., a passage that clearly shows that the exiles intended to rule Rome, not Macedonia.

On the basis of our analysis of the factual evidence, as presented by the extant sources, we conclude that the province of Macedonia did not have an important role in Cicero's political agenda; that Cicero did not influence Pompey the Great in choosing Macedonia as a basis for further operations; that Pompey the Great had no intention to establish of establishing in Macedonia; and finally, that there was no stake of importance as to impress the Macedonians, who in fact supported both sides in the conflict. The analysis of M. B. Panov seems to be confined to an insufficient number of sources, that are interpreted without the benefit of a doubt and assuming there are no problems of composition and authenticity; this has led him to put forth an interpretation that unjustifiably opposes previous scholar works.